# СОСТОЈБА СО ГРИП ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СЕЗОНА 2022/2023 (51-ва недела, до 25.12.2022)

## *Неделни податоци*

Во текот на **51-ва недела** од 2022 година (19-25.12.2022), во Република Северна Македонија се пријавени **177 (I=9,6/100.000)** случаи на групни пријави за заболени од грип/ заболувања слични на грип, 59,5% повеќе во споредба со претходната недела (n=111).

Бројот на пријавени лица оваа недела споредено со 51-ва недела од минатата сезона (n=361) е намален за 51,0%, а во споредба со бројот за 51-ва недела од типичната епидемиска крива (моделирана од последните 12 сезони) (n=166), зголемен е за 6,8% *(Графикон 1)*.

Во текот на 51-ва извештајна недела, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ, пристигнаа 237 материјали од рутинскиот надзор за лабораториско тестирање, паралелно тестирани за грип и КОВИД-19. Притоа, детектирани се 10 (4,2%) позитивни случаи, сите Influenza A/H3.
Од примероците, 4 се тестирани за респираторен синцицијален вирус, од кои еден е позитивен. Кај 3 примероци е детектирано присуство на Adeno virus. Кај еден случај е детектирано присуство на респираторен синцицијален вирус и Adeno virus *(Графикон 2).*

Пријавената инциденца е под неделната граница на сезонската активност на вирусот на грип (I=30,91/100.000), односно сè уште не е достигнат прагот на влез во сезоната на грип *(Графикон 1)*.

***Графикон 1.*** *Нивоа на интензитет и неделна дистрибуција на заболените од грип/заболувања слични на грип според очекувана епидемиска крива 2010-2022, сезона 2021/2022 и сезона 2022/2023*



Во однос на возрасната дистрибуција, 111 лица се на возраст од 15-64 години, 46 кај деца на возраст од 5-14 години, 11 се регистрирани кај лица на возраст над 65 години и 27 кај деца на возраст од 5-14 години. Највисока инциденца (21,4/100.000) се регистрира кај децата на возраст од 5-14 години.

Заболените се пријавени од единаесет ЦЈЗ/ПЕ, во Прилеп – 40, Тетово – 30, Гостивар – 28, Скопје – 25, а во Куманово, Кавадарци, Охрид, Македонски Брод, Битола, Струмица и Пробиштип, бројот на пријавени е помал од 20.

Во 7 извештајни единици кои пријавија случаи во текот на оваа недела се регистрира многу ниска, а во 4 - сезонска активност на вирусот на грип *(Картограм 1)*.

***Картограм 1.*** *Ниво на активност на грип според инциденца на 100.000 жители, 50 недела 2022*



## <u>ЕПИДЕМИОЛОШКИ НАДЗОР - Кумулативни податоци</u>

**<u>Во сезоната 2022/2023</u>** вкупниот број на случаи на грип/ заболувања слични на грип изнесува **583 (I=31,7/100.000)**.

Во споредба со истиот период од <u>минатата сезона</u> (n=1.148), бројот на пријавени случаи е намален за 49,2%, а во однос на <u>моделот од последните 12 сезони</u> (n=898) се регистрира намалување од 35,1%.

Кумулативно, заболените се пријавени од четиринаесет ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број на заболени лица (n=183) се пријавени од Тетово, а највисока кумулативна инциденца (209,1/100.000) е регистрирана на територијата на Дебар. *(Табела 1 во Прилог)*

Во однос на дистрибуцијата на заболените по возрасни групи, најголем број на заболени се пријавени во возрасната група која опфаќа најголем дел од населението (од 15-64 години) - 347 случаи (59,5%), а највисока инциденца (71,5/100.000) се регистрира кај децата на возраст од 0-4 години (n=69). *(Табела 1 во Прилог)*

Дистрибуција на случаите од сезонски грип/ заболувања слични на грип <u>по месеци</u> *(Табела 1 во Прилог)*:

- октомври – 62 случаи или 10,6%
- ноември – 82 случаи или 14,1%
- декември – 439 случаи или 75,3%

Во досегашниот тек на сезоната на грип, регистрирани се две починати лица асоцирани со грип, од Скопје и Штип, двете од возрасната група од 15-64 години, со регистрирани коморбидитети и невакцинирани со вакцина против сезонски грип.

## <u>ВИРУСОЛОШКИ НАДЗОР (рутински надзор) - Кумулативни податоци</u>

<u>Од почетокот на сезоната 2022/2023</u>, заклучно со 51-ва недела, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ пристигнати се 3.229 материјали од здравствените установи - од амбулантски и болнички лекувани пациенти за тестирање за присуство на вирусот на грип, од рутинскиот надзор.

Регистрирани се 23 позитивни случаи, 14 Influenza A/H3 и 9 Influenza A несубтипизиран. *(Графикон 2)*

## <u>СЕНТИНЕЛ НАДЗОР НАД САРИ (Сериозни Акутни Респираторни Инфекции)</u>

Сентинел надзорот се спроведува како дополнување на редовниот систем за надзор над грип и КОВИД-19 во Р. С. Македонија, со цел да се добијат подетални информации во однос на инциденца, интензитет, тип на вируси кои циркулираат и за имплементација на навремени превентивни мерки.

Сентинел САРИ надзорот се спроведува во 6 надзорни болници, 5 во Скопје (УК за инфективни болести и фебрилни состојби, УК за детски болести, УК за Пулмоалергологија, ГОБ 8-ми Септември и ИБЗД Козле) и една во Прилеп (ОБ Прилеп). Дефиницијата за случај на САРИ според која се спроведува надзорот е усогласена со дефиницијата на случај на СЗО.

Од сентинел местата кои учествуваат, оваа недела пријавени се вкупно 59 САРИ случаи, од сентинел САРИ местата во Скопје. Најголем број на САРИ случаи (n=35; 59,3%), се пријавени од надзорното место УК за детски болести. Во однос на возрасната дистрибуција, најголем број на САРИ случаи (n=33; 55,9%) се пријавени од возрасната група од 0-4 година.

Во 51-ва недела, вкупен број на приеми во сентинел местата е 175, од кои 10 на интензивна нега. Во оваа недела, 33,7% од сите приеми се должат на САРИ (29,7% мината недела). Најголемо оптоварување од 37,1% се бележи кај возрасната група од 0-4 години и 30% кај лицата над 65 години.

Во 51-ва недела за лабораториско тестирање се доставени 17 материјали од пријавените САРИ случаи, паралелно тестирани за грип и КОВИД-19. Притоа, детектирани се 4 (23,5%) позитивни случаи, 3 Influenza A/H3 и еден Influenza A несубтипизиран.
Од САРИ примероците, 5 се тестирани за респираторен синцицијален вирус, од кои еден е позитивен. Кај еден примерок е детектирано присуство на Adeno virus. *(Графикон 2)*

Кумулативно, од сентинел местата кои учествуваат, пријавени се вкупно 481 САРИ случаи, од сентинел САРИ местата во Скопје. Најголем број на САРИ случаи (n=200; 41,6%), се пријавени од надзорното место ИБЗД Козле. Во однос на возрасната дистрибуција, најголем број на САРИ случаи (n=324; 67,4%) се пријавени од возрасната група од 0-4 година.

Кумулативно, вкупен број на приеми во сентинел местата е 2.152, од кои 111 на интензивна нега. Од сите приеми, 22,4% се должат на САРИ. Најголемо оптоварување од 31,4% се бележи кај возрасната група од 0-4 години и 27% кај лицата над 65 години.

Кумулативно, за лабораториско тестирање се доставени 156 материјали од пријавените САРИ случаи. Регистрирани се 9 позитивни случаи на грип, 5 Influenza A/H3 (од кои еден е A/H3N2), 3 Influenza A несубтипизиран и еден Influenza B.
Регистрирани се 4 позитивни случаи на КОВИД-19. Од САРИ примероците, 54 се тестирани за респираторен синцицијален вирус, од кои 35 се позитивни. Кај шест примероци е детектирано присуство на Adeno virus, а кај еден Entero virus. *(Графикон 2)*

***<u>Графикон 2</u>.*** *Неделна дистрибуција на број и процент на позитивни примероци на грип, рутински и сентинел надзор, Р.С. Македонија, 2022/2023*



## ЕПИДЕМИОЛОШКИ КОМЕНТАР

**Се забележува зголемување на бројот на заболувања слични на грип, кој сè уште е под неделната граница за сезонска активност. Резултатите добиени од вирусолошкиот надзор над инфлуенца се над границата на позитивност од 10% (САРИ надзор), за прв пат оваа сезона. Согласно овие податоци, Р.С. Македонија има регионална рашireност и низок интензитет на активноста на вирусот на грип.**

## ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ ГРИП

Вакцинацијата против сезонски грип е најефикасна заштита од ова заболување. Институтот за јавно здравје препорачува вакцинација на целото население, особено на лица кои припаѓаат на т.н. ризични групи (согласно препораките на СЗО):

- Постарите лица (над 65 години)
- Деца на возраст од 6-59 месеци
- Лица постари од 6 месеци со хронични болести
- Бремени жени, и
- Здравствени работници.

❖ За сезоната 2022/2023, Министерството за здравство обезбеди бесплатна четиривалентна вакцина во вкупна количина од 40.000 дози, наменета за приоритетни групи население. Дополнителни 20.000 дози на четиривалентна вакцина се обезбедени преку донација од PIVI (Partnership for Influenza Vaccine Introduction).

Вакцинацијата против сезонски грип за сезоната 2022/2023 започна на 19.10.2022 и се спроведува во Центрите за јавно здравје со нивните Подрачни единици и/или Здравствените домови. Закажувањето за бесплатните вакцини се одвива преку веб страната www.vakcinacija.mk.

Според податоците од Управата за електронско здравство, од почетокот на вакцинацијата, а заклучно со затворањето на овој извештај, вакцинирани се вкупно 54.738 лица од ризичните категории население со бесплатни вакцини.

❖ Дополнителни 6.000 дози комерцијални вакцини се набавени од страна на Центрите за јавно здравје, како вакцини за останатото население кое не спаѓа во горенаведените групи, истите можат да се добијат за одреден финансиски надомест и се спроведува во Центрите за јавно здравје со нивните Подрачни единици.

Во однос на комерцијалните вакцини, вакцинирани се 2.579 лица.

**Заклучно со 51-ва недела, во Р.С. Македонија, вакцинирани се вкупно 57.317 лица со бесплатна или комерцијална вакцина.**

## ЕВРОПСКИ РЕГИОН

*Извор: https://flunewseurope.org/

Согласно извештајот на Flu News Europe објавен за 50-та недела 2022 година за активноста на вирусот на грип низ Европскиот регион:

- Процентот на сите примероци од примарна здравствена заштита од сентинел од пациенти со симптоми на ИЛИ или АРИ кои биле позитивни на вирусот на грип е 31% (26% во претходната недела), што е над епидемискиот праг поставен на 10% шеста недела со ред.
- Активноста на грипот се зголемува низ регионот, 33 земји пријавиле регионална или широко распространета активност со среден до многу висок интензитет. Естонија, Финска, Франција, Германија, Киргистан, Литванија, Луксембург, Полска, Португалија, Молдавија, Словачка, Словенија, Швајцарија и Узбекистан пријавија над 40% позитивност во сентинел системот од примарната здравствена заштита.
- Се детектираат вирусите на грип тип А и Б, при што А/Н3 е доминантен во сентинел, а А/Н1pdm09 во редовниот надзор.
- Хоспитализирани пациенти со потврдена инфекција со вирусот на грип се пријавени од одделенијата за интензивна нега, другите одделенија и САРИ надзорот. Доминираат инфекциите поради инфекција со Influenza A. Меѓу 126 случаи на САРИ, 17% се должат на Influenza A/H3, а 57% на Influenza A/H1pdm09. Процентот на инфекции предизвикани од Influenza A продолжи да се зголемува.

Според квалитативните индикатори, во однос на интензитетот, 9 земји се на базично, 7 на ниско ниво, 15 земји на средно ниво, 6 земји на високо и 6 (Австрија, Франција, Литванија, Луксембург, Молдавија и Русија) земји на многу високо ниво на активност на вирусот на грип.

Според географската распространетост, 4 земји немаат активност, 6 пријавуваат спорадични случаи, 4 со локална распространетост, 6 земји – регионална географска распространетост и 23 земји широка распространетост.

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***